**ПРИЛОГ 5**

ЕЛЕМ ТУРС
ДООЕЛ - СКОПЈЕ

**ПОДРУЖНИЦА МОЛИКА – БИТОЛА**

Друштво за туризам,угостителство,рекреација и спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ
Подружница МОЛИКА Битола
Бр. 11-326/1
23.06. 2017 год.
Скопје

**Предмет:** Покана за поднесување понуда

Почитувани,

Друштвото за туризам , угостителство, рекреација и спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје, Подружница Молика Битола, има потреба од набавка на **Алкохолни Пијалоци** за потребите на Подружница Молика Битола, согласно Годишниот План за Набавки на Стоки Услуги и Работи под реден број 1:

- Адреса - „ Национален Парк Пелистер Битола „ бб, Битола, 7000 Битола Поштенски Фах 110
- Телефони за контакт и доставување на дополнителни информации - 047 229 406 , факс 047 229 048, и електронска адреса - hmolika@t-home.mk ,

Предметот на договорот/рамковна спогодба е деллива по делови како што е дефинирано во Поканата и техничките спецификации кои се во прилог на Поканата.
Поканата и техничките спецификации како комплетна документација ке бидат доставени до сите понудувачи кои ке покажат интерес за доставување на понуди и истите можат да се преземат во во делот ,, Набавки „ поставен на страницата **www. elemturs.mk** ,
Носителот на набавката може да даде понуда за еден, повеќе или за сите делови од предметот на договорот за набавка. Носителот на набавката не може да ги дели составните елементи на поединечниот дел:

Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на договорот сукцесивно, во зависнот од потребите на договорниот орган , ,, Франко “ магацин на Набавувачот согласно начинот на испорака , во рок кој е ќе го дефинира Набавувачот во зависност од потребите и условите кои ги дефинира тековното работење.

Корекција на цени не е предвидена !

Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го испорача на следниов начин :

- По претходна писмена или усмена нарачка од страна на Набавувачот во рок кој е ќе го дефинира Набавувачот во зависност од потребите и условите кои ги дефинира тековното работење.

За докажување на личната состојба, способноста за вршење на професионална дејност или техничката способност, Ве молиме заедно со понудата да ни ги доставите следните информации:

- Понудувачот треба да достави копија од Тековна состојба и Доказ за регистрирана дејност ( ДРД – образец ) .
- Општи информаци и податоци ( адреса , телефон , електронска адреса и лица за контакт)
- Комплетно пополнета спецификација во прилог во делот за кој се однесува понудата со печат и потпис на одговорното или овластеното лице на понудувачот.
- Понудувачите кои ке поднесуваат понуди за деловите поврзани со набавката на храна и пијалоци задолжително треба да поседуваат лиценца за оператор со храна издадена од страна на Агенцијата за Храна и Ветеринарство во Република Македонија.
- Понудувачите кои ќе поднесуваат понуди за деловите поврзани со набавката на храна и пијалоци ќе имаат предност доколку достават доказ за имплементација на стандарди и системи за безбедност на храна ( HACCP ) или друг доказ за спроведена ,, Добра хигиенска пракса", сертификати , препораки итн.
- Понудувачите кои ќе поднесуваат понуди за деловите поврзани со набавката на храна и други стоки ќе имаат предност доколку достават доказ за поседување на соодветно возило за дистрибуција на храната или стоките (возило са сопствени потреби , возило со разладен уред итн. ) и доказ за поседување на соодветни магацински простории, разладни комори кои ги исполнуваат условите за исполнување на предметот на набавката во согласност со Правилникот за минимално - технички услови за деловни простории и простории во кои се врши трговија ( ,, Сл. Весник на РМ „ бр. 21/2014 ).
- Понудувачите кои ќе достават ,,Референтна листа " и други докази за кои ја потврдуваат способноста за вршење на професионалната дејност ќе имаат предност за исполнување на предметот на набавката.
- Соодветни изјави во прилог на Поканата за прибирање на понуди

Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени Поканата за прибирање на понуди , со користење на обрасците дадени во прилог.

**Понудувачот може да изготви или да дополни соствена спецификација доколку смета дека е потребно тоа или да достави своја форма на понудени артикли доколку некои од артиклите не се ставени во техничките спецификации**.

Евалуацијата на понудите и изборот на најповолен понудувач ќе се изврши согласно **критериумот најниска вкупна цена** во делот на набавката која се однесува . За носител на набавката ќе биде избран оној понудувач кој ќе понуди најниска вкупна цена , а чија понуда претходно е оценета како прифатлива понуда врз основа на исполнувањето на условите за личната состојба на понудувачот и способноста за вршење на професионална дејност.

Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје Подружница МОЛИКА Битола

Комисијата за набавки во текот на спроведување на постапката за евалуација има право да побара примероци од понудувачите за утврдување на квалитетот на артиклите , и да ги посети понудувачите со намера да ја утврди нивната лична состојба и способноста за вршење на професионалната дејност.

Комисијата за набавки од секој понудувач во текот на спроведување на евалуацијата има право да побара појаснување на Понудата , дополнителни податоци, објаснувања и документи.

Ве молиме да ни ја доставите Вашата понуда најдоцна до 03.07.2017 година ( Понеделник ) во 12 часот (по локално време) по пошта на горенаведената адреса или лично со поднесување во архивата на ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје Подружница Молика Битола , Национален Парк Пелистер бб – Хотел Молика .

Однапред Ви благодариме на соработката.

Лице за контакт: Никола Каровски ( моб.телефон ++389 (0) 75 29 19 23 )
nikola.karovski@elemturs.mk,

Со почит ,

Битола 22.06.2017 година

Барател

ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје
Подружница Молика Битола
Комисија за набавки